*Philological Studies 17, 2, (2019) 288-291* **Стручен труд**
**УДК: (049.32)**
**doi: 10.17072/1857-6060-2019-17-2-288-291**

# ОСВРТ КОН „МАКЕДОНСКОТО ЖЕНСКО ТВОРЕШТВО ВО XIX ВЕК“ ОД СЛАВЧО КОВИЛОСКИ

**(Ковиловски, Славчо. *Македонското женско творештво во XIX век*. Скопје: Институт за македонска литература, 2018)**

**Марина Мијаковска**
*Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“*
*Скопје, Македонија*

# REVIEW OF *MACEDONIAN WOMEN'S CREATION IN THE XIX CENTURY* FROM SLAVCHO KOVILOSKI

**(Kovilovski, Slavčo. 2018. *Macedonian Women Art in the 19th Century*. Skopje: Institut za makedonska literatura)**

**Marina Mijakovska**
*National and university library sv. Klement of Ohrid*
*Skopje, Macedonia*

Станува збор за публикувана докторска дисертација во издание на Институт за македонска литература во 2018 година. Можам да констатирам дека ова е интердисциплинарна студија од областа на: книжевноста, историографијата, културологијата и фолклорот. Оваа монографија е прв труд од ваков тип, кој ги инагурира македонските авторки како скриени и непознати фигури од XIX век. Ковилоски, во својот истражувачки порив, пронаоѓа нови женски имиња кои досега не се познати во науката. Композицијата на студијата се состои од шест компактни делови и како додаток содржи табела на: интерпретаторки на народни песни, индекс и користена архивска граѓа и литература. Предговорот е напишан од самиот автор и претставува нацрт на клучната теза, односно тој прави приказ на костурот на својата тема и

целта на истражувањето. Целта на Ковилоски е да се истражи дејноста на македонските жени во литературата, во фолклорот, во образованието и во револуционерните борби од XIX век. Во овој период жените се на маргините, а акцентот е ставен на машките фигури. Токму затоа авторот има за цел да ги истражи и открие жените, кои се значајни во општествените случувања од овој период и да ја прикаже нјивната видливост и присутност.

Во првиот дел од трудот насловен „*Жената во светот во XIX век*“, Ковилоски ги поставува истражувачките прашања и во овој дел ја истражува положбата на жените и нивната борба за права и нивното општествено учество. Во овој период, според Роси Браидоти, жените минуваат низ процес на преминување во субјекти. Жените сакале да учат и затоа се отворале женски училишта. „Подемот на женското образование најмногу може да се забележи преку отворањето на повеќе основни и високообразовни центри, во кои се изучувале повеќе предмети: од јазици, преку медицина, од природно-математички науки“ (Ковилоски, 2018: 23). Женското творештво во Европа, во овој период, опфаќа социјални, политички и економски теми, а женскиот глас излегува во периодиката преку објава на памфлети, прогласи, манифести, итн. Во овој дел Ковилоски најмногу се посветува на творештвото на Мери Волстонкрафт од Англија како клучна фигура и феминистичка активистка преку која го прикажува „лицето на жените“ од Европа. Потоа се задржува на состојбата на балканските авторки од: Србија, Хрватска, Албанија, Бугарија, Романија и Македонија. Биле отворени женски училишта во повеќе градови во Македонија и основани женски здруженија кои извршувале револуционерни активности. Борбата на жените во XIX век најпрво е борба за образование и еманципација што оди паралелно со нивната самосвест и слобода.

Во вториот дел „*Културноисториските процеси во Македонија во XIX век*“ се дава акцент на сликата на македонските општества и просветителството во Македонија. Ковилоски во овој дел се задржува на македонската традиција и обичајното право поврзани со жените од руралните средини. Потоа се осврнува на урбанизацијата на македонската жена во XIX век и просветителството. Во тој период македонските девојчиња се школувале во Русија, а потоа во 60-тите години се отвориле женски училишта во: Кукуш, Солун, Прилеп, Битола, итн. Се носеле учителки од странство. Во нив се образувале: Славка Динкова, Царевна Миладинова-Алексиева, Славка Чакарова,

итн. Тие женски фигури биле и првите образовани учителки во македонските женски училишта. Во овој дел Ковилоски заклучува: „Токму учителките се истакнале и како авторки, носителки на женското писмо. Единствено тие пишувале и објавувале свои оригинални текстови, дописки, статии и преводи во тогашниот печат“ (Ковилоски, 98). Во револуционерното движење во Македонија активно учествувале и жените што се бореле за слобода и за свои права. Такви се: Сирма Војвода, Анастасија Узунова, Анета Спирова, Василка Каранџова, и др. Интересно е тоа што Ковилоски се задржува на прототипот на женски ликови кај македонските творци. Сите женски ликови се прикажани како: бунтовни, истрајни, индивиуални. Тој се задржува на анализата на женските ликови во народните песни и ликот на: девојката, мајката, сестрата, самовилата. Тоа се реални скици и модели на македонската жена. Ликот на мајката како реален и книжевен модел е од особено значење во: народното творештво, фолклорот и белетристиката, заклучува Ковилоски.

Во третиот дел „*Народни пејачки*“, Ковилоски прави приказ на историските факти за народните пејачки и за женските песни. Тие внесувале некои свои елементи во нив. Како најистакнати женски имиња се: Дафина од Просеник (Серско); Парашкева Сирлешчова (Банско); Депа Каваева (Струга); Ѓурѓа Котева (Прилеп); Божана Трпанова (Прилеп); Арса Стрезова (Охрид); Цвета Мазнеова (Тетово); Дафа Цепенкова (Прилеп); Илинка Везенковска (Крушево) и Митра Ристова (с. Лешко).

Во четвртиот дел „*Појава на македонското женско писмо*“, се задржува на јавните настапи и ангажираноста на жените. Во периодот на XIX век жените почнувавале да создаваат: извештаи, правни акти, коренспонденција и јавни говори. Најистакнати жени во овој период се: Славка Динева, Евгенија Јанчулева и Царевна Миладинова-Алексиева. Во овој дел авторот се осврнува на одредени историографски, архивски и историски извори.

Во петтиот дел на студијата „*Творечки појави на македонските авторки*“ авторот се задржува на статиите и на дописките како најкарактеристични текстови на македонската жена. Истакнати се авторките: Славка Динкова и Султана Чикманова, М. Хр. Зрнева, Евтимица Јанчева. Активната улога на жената се гледа и во креирањето на правилници и правни акти. Истакнати авторки во оваа облст се: Царевна Миладинова-Алексиева и Екатерина Дукова. Извештаи за работата на женските училишта први изработиле Славка Динкова и

Евгенија Јанчулева. Тие се јавиле и како први жени преведувачи од француски јазик. Што се однесува до коренспонденцијата, најистакнати жени што пишувале писма, молби, барања, жалби и честитки се: Ефросина Робева, Митра Миладинова, Захарија Наумчева и Коца К. Каменециева. Интересен е фактот дека жените биле и запишувачки на народни умотворби и се занимавале со препишувачка дејност. Истакнати се две жени собирачки на народно творештво: Екатерина Шапкарева и Ст. А. П. Стоилова.

Во шестиот дел „*Биобиблиографии на македонските авторки од XIX век*“ од студијата се дадени фактографските податоци за животот и за делото на македонските жени од овој период. Направен е и табеларен приказ на народните пејачки. Ковилоски за првпат открива 160 македонски народни пејачки. Македонската жена била еманципирана жена, а не само нем набљудувач во општеството. Таа била активен учесник во образовните процеси и културните политики во Македонија.

Во Заклучоток авторот ги изнесува клучните тези во однос на темата, а стугијата има и резиме на англиски јазик. Трудот е комплетно збогатен со: индекс, приложена архивска граѓа и богата користена литература.

За научната книга „Македонско женско творештво во XIX век“ од д-р Славчо Ковилоски можам со задоволство да констатирам дека претставува реток труд од ваков тип во науката кај нас. Авторот истражува една ретка и нова тема за женското творештво и за женскиот активизам, а во неговиот фокус се македонските авторки од XIX век за кои до сега не постоеја книжевни проучувања. Во широкиот методолошки инструментариум и богатата архивска и историска граѓа, Ковилоски остава исклучително напишан интердисциплинарен труд, кој дава свој значаен придонес во повеќе науки кај нас. Авторот ги бележи парадигматичните женски авторки и учителки од Македонија, народните пејачки и интерпретаторки, а става посебен акцент на широкиот документаторски материјал од овој период на македонската преродба. Затоа можеме да зборуваме за прв активизам на жените како учителки, запишувачки на фолкор, нарони пејачки и интерпретаторки и како составувачки на статии, писма, правни акти и документи преку кои се зајакнува општествената улога на жената преку смената на приватната со јавната сцена.